С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е

# О Д Л У К А

за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година

Скопје, Мај 2019 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД - Скопје на седницата одржана на___05.2019година донесе

# ОДЛУКА

за распределба на Добивката
на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на СБ за 2018 година, оствари нето добивка во износ од МКД 2.746.345.510,00.

2. Нето добивка за 2018 година наведена во член 1 од оваа Одлука се распределува на следниот начин:

    - Исплатената авансна дивиденда во износ од МКД 1.274.593.140,00
    - Добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина во износ од МКД 1.355.191.189,00, од кој:
        - Распределениот дел од добивката од тековната година кој се вклучи во пресметка на основен капитал (Редовен основен капитал), односно во акумулирана добивка која нема да биде расположива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина во износ од МКД 432.691.189,00
        - Добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина во износ од МКД 922.500.000,00
    - акумулирана добивка расположлива за распределба во износ од МКД 116.561.181,00

3. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр. ______
________05.2019 година
С к о п ј е

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е

**П Р Е Д Л О Г**

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година

Скопје, Април 2019 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст) Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје на состанокот одржан на 24.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година

1. Предлогот за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година е на следниот начин:

   - Стопанска банка АД - Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на СБ за 2018 година, оствари нето добивка во износ од МКД 2.746.345.510,00,

   - Исплатена авансна дивиденда во износ одМКД 1.274.593.140,00.

   - Добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина во износ од МКД 1.355.191.189,00, од кој:

     - Распределениот дел од добивката од тековната година кој се во вклучи во пресметка на основен капитал (Редовен основен капитал), односно во акумулирана добивка која нема да биде расположива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина во износ од МКД 432.691.189,00
     - Добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина во износ од МКД 922.500.000,00

   - акумулирана добивка расположлива за распределба во износ од МКД 116.561.181,00.

2. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде доставен за одобрување до Собранието на акционери на СБ.

3. Предлог – Одлуката за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. ________
24.04.2019 година
С к о п ј е

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), како што е утврдено во Билансот на успех за 2018 година, кој е составен дел на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2018 година, оствари нето добивка во износ од МКД 2.746.345.510,00.

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, Собранието на акционери со оваа Одлука ја распределува добивката , на предлог на Надзорниот одбор. Нето добивката во износ од МКД 2.746.345.510,00 ја вклучува и исплатената авансна дивиденда на имателите на обични акции во износ од МКД 1.274.593.140,00 реализирана со Одлука на Собранието на акционери за верификација на Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година бр. 376 од 12.12.2018 година.

Исто така, Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД – Скопје донесе Одлука за определување на дел од тековната добивка кој ќе се вклучи во пресметка на основен капитал (Редовен основен капитал) бр. 2833 од 09.11.2018 година во износ од МКД 432.691.189,00. Поради тоа, со Предлог-Одлуката, Надзорниот Одбор му предлага на Собранието на акционери на СБ, да го потврди делот од тековната добивка за 2018 година во износ од МКД 432.691.189,00 веќе вклучен во пресметката на основниот капитал (Редовен основен капитал) и да го распредели износот од МКД 432.691.189,00 во добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина.

Остатокот од нето профитот за 2018 година во износ од МКД 1.039.061.181,00 се предлага да се распореди во:

- МКД 922.500.000,00 во добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина.
- МКД 116.561.181,00 во акумулирана добивка расположлива за распределба.

Со оглед на горенаведеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, Април, 2019 година